Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-263/1 од 16.01.2024 година, оформен по доставена пријава против лицето ----, поранешен директор на Основното училиште “----” - ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај постапува надлежен орган.

Предметот со бр. 12-263/1 од 16.01.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 16.01.2024 година, поднесена е пријава, против лицето ----, поранешен директор (понатаму: Директор) на Основното училиште “----” – ---- (понатаму: Училиште) и оформен е предмет бр. 12-263/1 од 16.01.2024 година.

Подносителот на пријавата укажува на сомнежи дека директорот во периодот додека ја извршувал функцијата (2018-2023), според извори од вработени и класни наставници ја користел службената положба за лично збогатување преку училишниот буџет врз грбот на учениците и наставниците.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Управата за финансиска полиција (понатаму: УФП).

Во меѓувреме до ДКСК беше доставен допис, исто така од непознат подносител, со копија од пријавата во прилог, во која е наведено дека биле надминати состојбите за директорот, и замолува да не се постапува по претставката.

Од причина што извесен период УФП не достави одговор на горенаведеното барање на ДКСК, дополнително беа испратени а ургенција и укажувања.

Со допис – Известување арх. бр. ---- од 17.03.2026 година, од страна на УФП добиени се известување во кое се наведува дека УФП доставила допис – Доставување на пријава до Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи бр. ---- од 20.02.2026 година, со кој пријавата била доставена за нивно запознавање и понатамошно постапување.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапува друг надлежен орган (Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи), и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: З.Б. член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија